РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# П Р А В И Л О

## ЗА СМЕСТУВАЊЕ И РЕД ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Скопје, 2012 година

ПУБЛИКАЦИЈА ПРА - АРМ - 40 - 009 А

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМ
Воена пошта 2803
Бр. 02-295/1
16 07 2012 20 год.
СКОПЈЕ

Евиденциски број (ЦДНЛ): ________________

Инвентарски број (Орг. единица): ___________

Врз основа на член 26 став 1 точка 18 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008 и 51/2011), началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија донесе

# П Р А В И Л О

## ЗА СМЕСТУВАЊЕ И РЕД ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМ**
**НАЧАЛНИК**
генерал - мајор
Горанчо Котески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМ
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА Воена пошта 2803 СКОПЈЕ

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........ 7

**ПРВА ГЛАВА** ........ 9
**ОПШТИ ОДРЕДБИ** ........ 9

**ВТОРА ГЛАВА** ........ 11
**СМЕСТУВАЊЕ И РЕД** ........ 11

**ТРЕТА ГЛАВА** ........ 13
**ГАРНИЗОН** ........ 13

**ЧЕТВРТА ГЛАВА** ........ 17
**КАСАРНА** ........ 17

**ПЕТТА ГЛАВА** ........ 21
**ВИДОВИ НА ОБЈЕКТИ СПОРЕД НАМЕНАТА** ........ 21

1. Зграда ........ 21
2. Спална ........ 22
3. Училница ........ 24
4. Културно-забавен клуб ........ 25
5. Спомен-соба ........ 25
6. Ресторан и издвоена просторија за обедување ........ 26
7. Чајна кујна ........ 27
8. Санитарни простории ........ 27
9. Интендантски сервис ........ 28
10. Простории за дежурни, стража и посети ........ 28
11. Технички блок ........ 30

12. Објекти за сместување на кучиња 32
13. Магацин и склад 33
14. Касарнски круг 33
15. Логорска просторија (логор) 34
16. Аеродром 35
17. Спортска сала 36

**ШЕСТА ГЛАВА** 37
**ЗАТОПЛУВАЊЕ, ЛАДЕЊЕ И ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПРОСТОРИИТЕ** 37

**СЕДМА ГЛАВА** 39
**КОРИСТЕЊЕ, ЧУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ** 39
1. Општи одредби 39
2. Превентивни мерки 39
3. Редовно одржување на недвижностите 40
4. Инвестиционо одржување на недвижностите 40

**ОСМА ГЛАВА** 41
**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ** 41

# ВОВЕД

Правилото за сместување и ред во АРМ ги дефинира воените објекти за сместување на командите и единиците на АРМ, редот во истите, должностите на лицата одговорни за редот и сместувањето во објектите и одредби од значење за редот и сместувањето во воените објекти.

Целта за донесување на Правилото за сместување и ред во Армијата на Република Македонија (АРМ) е планско регулирање на организацијата на животот и работата на командите и единиците на АРМ во воените објекти.

# ПРВА ГЛАВА
# ОПШТИ ОДРЕДБИ

**1**)* Ова Правило го регулира сместувањето и редот во воените објекти согласно потребите на Генералштабот на АРМ, командите и единиците.

Со Правилото се регулираат одговорностите на сите лица сместени во воените објекти, како и должностите на другите одговорни старешини во командите и единиците, кои директно или индиректно се вклучени во спроведувањето на редот и сместувањето во воените објекти.

Одговорните старешини за воените објекти, должни се во да ги применуваат одредбите од ова Правило.

**2**) Правилото за сместување и ред во Армијата на Република Македонија го регулира начинот на користење на воените објекти од страна на други лица (слушатели, припадници на странски армии и сл.) и истото може да се прецизира или дополни со посебна наредба на надлежен старешина.

* Броевите ги означуваат параграфите кои се последователни во сите поглавја.

# ВТОРА ГЛАВА

# СМЕСТУВАЊЕ И РЕД

**3**) Командите и единиците на АРМ можат да бидат сместени во касарни, логори, аеродроми, центри за обука за потребите на одбраната и во други воени објекти.

При разместувањето, првенствено да се води грижа да се обезбеди борбената готовност и безбедност на командите и единиците.

**4**) Во воените објекти се забранува:

- вршење верски обреди;
- внесување, чување и растурање на литература и печат кои се забранети со привремена или трајна одлука на надлежните органи, а верска литература може да се чува само за лична употреба;
- размножување на материјали кои не се наменети за службена употреба;
- секаков вид на политичко делување;
- носење амајлии и слични предмети по облеката;
- играње хазардни игри (коцкање);
- сексуално вознемирување;
- внесување и употреба на алкохолни пијалаци и наркотични средства;
- фотографирање и снимање на комплекс на објекти во кои се чува воена опрема;
- внесување и носење на приватно огнено и ладно оружје.

**5**) Во воените објекти можат да се сместат припадници на АРМ наведени во член 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Исклучително од став 1 на овој параграф, во воените објекти можат да бидат сместени и:

- цивилни и странски лица при реализација на разни форми на обука и вежби;
- вработени во Министерството за одбрана за време на наредени мерки на готовност, вежби на единиците и службите, при заштита и спасување во случај на елементарни непогоди и несреќи и во други околности.

**6**) Во наменски воени објекти, можат да живеат припадници на АРМ кои се упатени на школување и лица кои во местото на службување не можат да обезбедат соодветни услови за сместување.

На лица упатени на стажирање во единици на АРМ, доколку постојат услови, им се одредуваат посебни простории за живеење во воените објекти.

# ТРЕТА ГЛАВА
# ГАРНИЗОН

**7)** Гарнизон претставува подрачје на едно или повеќе населени места. Во кое е сместен баталјон и на него рамни и повисоки единици на АРМ. Називот на гарнизонот се одредува според називот на населеното место, а неговото подрачје го одредува началникот на Генералштабот на АРМ со посебна наредба.

**8)** За командант на гарнизон се одредува старешина на единицата од составот на АРМ во гарнизонот, со наредба на началнокот на ГШ на АРМ. Командантот на гарнизонот е одговорен за разместувањето, редот, дисциплината и службата во гарнизонот. Во поглед на редот, дисциплината и службата, потчинети му се сите единици и служби во гарнизонот, припадниците на АРМ кои постојано или привремено се наоѓаат во гарнизонот и сл. На командантот на гарнизон можат да му бидат потчинети стражите кои обезбедуваат објекти во гарнизонот.

Должности на командантот на гарнизонот се:

- го регулира редот, дисциплината и однесувањето на припадниците на АРМ;
- најмалку еднаш во годината со старешините на единиците и службите го разгледува редот, дисциплината и службата во гарнизонот;
- ги разместува, односно распоредува единиците и службите во касарните во гарнизонот или истото му го предлага на формациски претпоставениот старешина на сите единиците и служби во гарнизонот;

- одредува органи на гарнизонска служба и пропишува нивни посебни должности и постапки во разни случаи;
- го регулира стражарското обезбедување и противпожарната заштита во гарнизонот;
- пропишува упатство за постапка на единиците и службите во гарнизонот во случај на тревога, елементарни и други несреќи, мерки за заштита при работа и мерки за заштита на животната средина;
- го регулира распоредот на единиците и службите за користење на избраните вежбалишта, полигони и слични објекти, распоредот за културни, забавни, просветни, спортски и образовни активности и улиците по кои ќе се движат единиците во строј, возилата - гасеничари и организираните колони на моторни возила;
- го регулира почетокот на носење на летна, односно зимска униформа, почетокот и крајот на затоплување на просториите, распоредот на користење на бањите, пералниците и другите објекти наменети за потребите на гарнизонот, прифатот на регрути и лица од резервниот состав и нивно упатување во единиците и службите;
- ги регулира гарнизонските работи и одредува единици или потребен број на лица за нивна реализација;
- одредува места за пополна со гориво, поправка и сместување на технички средства од други гарнизони кои се на минување и места за капење во реките и езерата;
- ги регулира воените почести, свечености и жалости за кои е надлежна командата на гарнизонот;

- ги запознава старешините на единиците и службите кои привремено се задржуваат во гарнизонот со наредбите и упатствата со кои се регулира редот, дисциплината и службата во гарнизонот;
- изработува план за контрола, контролира и одредува старешини кои ќе ги контролираат дежурните органи и стражите кои му се потчинети и ги спроведува мерките за обезбедување на гарнизонските објекти.

На командантот на гарнизонот можат да му се одредат и други задачи, како што се: снабдување на единиците и службите, здравствена и ветеринарна заштита и контрола на одржувањето и наменската употреба на недвижностите и сл.

**9**) Командантот на гарнизонот, со наредба одредува лица од својата команда (доколку формациски не се одредени), кои покрај редовните, ќе извршуваат и гарнизонски должности. Доколку командантот на гарнизонот е старешина на пониска единица, командата на таа единица претставува команда на гарнизон.

**10**) За работи значајни за гарнизонот, како што се: прием на материјали и пратки, избор на стрелишта, полигони, места за капење и сл., командантот на гарнизонот може да одреди гарнизонски комисии на кои ќе им пропише должности и време на работа.

**11**) На влезот од зградата во која е сместена командата на гарнизонот се поставува натпис, на пр.: „Команда на гарнизон“.

# ЧЕТВРТА ГЛАВА
# КАСАРНА

**12)** Касарна е одредена и обезбедена земјишна просторија во која се сместени команди и единици на АРМ. Касарната ја сочинуваат зградите и објектите со заедничкиот круг за живот, работа и обука на единиците и службите. Одредбите за касарната се однесуваат и на постојаните објекти на воената воздухопловство и противвоздушна одбрана и зградите надвор од касарната, приспособени на конкретните услови. Зградите во кои се сместени само команди, Домот на АРМ, воените одморалишта и издвоените објекти, не се касарни.

**13)** Називот на касарните на АРМ ги пропишува министерот за одбрана, а називите на зградите во касарните и називите на командите, началникот на Генералштабот на АРМ. Називот на касарната се поставува на видно место на главниот влез, а се испишува на македонски јазик и кирилско писмо. За назив на касарна се употребува име и презиме на истакната личност од историското минато на Република Македонија.

**14)** За командант на касарна се одредува старешина на единица од највисок ранг, разместена во касарната, со наредба на претпоставен старешина.

Должности на командантот на касарната се:

- одредува сместување на единиците и службите во објектите и просториите според пропишаните норми, а доколку тоа не е можно, писмено го известува претпоставениот старешина;
- кога во касарната се сместени единици и служби на кои тој формациски не им е претпоставен, на

нивниот командант му предлага нивно разместување и поделба на објектите и просториите;

- пропишува елаборат за стражарско обезбедување;
- ја организира заштитата при работа и обуката за противпожарна заштита и ја регулира постапката во случај на елементарни и други несреќи;
- врши поделба на касарнскиот круг на единиците и им одредува зборно место, вежбалишта, игралишта и др.;
- го организира и контролира обезбедувањето на касарната, чувањето и одржувањето на зградите, објектите, уредите и инсталациите и презема мерки за навремено отстранување на неисправностите;
- ги регулира: спроведувањето на наредените мерки за готовност и тревожење на единиците и службите, редот и дисциплината, мерките за безбедност и самозаштита, внатрешната служба, контролата на лицата кои влегуваат, односно излегуваат од касарната и начинот на пријавување на надворешни лица, времето и местото за посети, користењето на заедничките простории, објекти и уреди, местото и начинот на чување на опрема и материјал за посебни намени, местата за паркирање на приватните возила, сообраќајот во касарнскиот круг, службата и редот во паркот на технички средства, распоредот и службата во војничкиот ресторан и издвоените простории за обедување, работата на интендантскиот сервис, амбулантата и другите објекти, затоплувањето и осветлувањето на просториите, уредувањето и осветлувањето на касарнскиот круг и изнесување на сметот и отпадните материјали;

- презема и други мерки во врска со редот, дисциплината и вршењето на службата во касарната.

# ПЕТТА ГЛАВА

# ВИДОВИ НА ОБЈЕКТИ СПОРЕД НАМЕНАТА

**15**) Видови на објекти и простории во АРМ, според намената се: зграда, спална, училница, културно - забавен клуб, спомен - соба, ресторан и издвоена просторија за обедување, чајна кујна, санитарни простории, интендантски сервис, простории за дежурни органи, стража и посети, технички блок, објекти за сместување на кучиња, магацини и склад, касарнски круг, логорска просторија (логор), аеродром и спортска сала.

## 1. Зграда

**16**) Зграда претставува воен објект за сместување, живот и работа на воениот и цивилен персонал на АРМ (припадници на АРМ). Во зграда можат да бидат сместени една или повеќе единици и команди на АРМ.

**17**) Зградите во касарните се обележуваат со арапски броеви, од лево на десно во однос на главниот влез во касарната (објектот) и секогаш почнувајќи од бројот два. Таблиците со броеви се поставуваат над главниот влез. Влезовите во зградата се обележуваат со големи букви, испишани на табли над влезот. Пред влезовите во зградите, се поставуваат бришачи за обувки. Сите згради и објекти задолжително се обележуваат и со соодветен натпис, на пр.: „амбуланта”, „бања”, „перална”, „магацин на ВП” и сл.

Просториите во зградите, се обележуваат од надворешната страна, со арапски броеви, испишани на таблици кои се поставуваат на средина од горната рамка на вратата.

Под редниот број на истата таблица, со помала големина се испишуваат податоците за волуменот и површината на просторијата (на пр.: 32,4м$^3$, 12м$^2$). На ѕидот од внатрешната страна, покрај вратата, се поставува рамка со список на предметите во просторијата.

Со натпис, задолжително се обележуваат неисправностите во зградите или просториите. На пр.: „лифтот не е во употреба“, „прекинувачот е неисправен“ и сл.

**18**) Во училници, културно-забавни клубови и ходници можат да се поставуваат уметнички дела.

**2. Спална**

**19**) Спална претставува просторија која служи за ноќен и попладневен одмор на припадниците на АРМ.

Во една спална, во начело, се сместува одделение - вод или друга организациска целина, така што за секој поединец да биде обезбеден простор од најмалку 3м$^2$ и 10м$^3$. Спалната за питомци посебно се опремува и уредува. За припадничките на АРМ се одредуваат посебни, видно обележани спални, со дозволен пристап само на персонал од женски пол.

**20**) На секое лице му се одредува кревет во спалната и шкафче (плакар) со натпис од неговото презиме и име. Распоредот на креветите зависи од облиците на спалната. Помеѓу креветите мора да има простор од најмалку 60см, сметано од нивните надолжни страни и 30см растојание од ѕидот. Креветите се местат еднообразно, ќебето се затегнува преку креветот и перницата.

Облеката и другата интендантска опрема, приборот за лична хигиена и др. лични предмети, лицата ги чуваат уредно наместени во шкафчињата (плакарите).

**21**) Во време предвидено за ноќен и попладневен одмор во спалната е забрането да се разговара, да се вклучуваат радиоприемници и да се работи или користи сé друго што го попречува одморот. Пред почеток на одморот, лицата ги чистат обувките и уредно ги местат во ходникот пред спланата, а облеката ја сместуваат во шкафчињата (плакарите). Во спалните се дозволува влез само со папучи, кои кога не се користат, се поставуваат на местото на обувките, во ходникот. Пред спалната се поставуваат корпи за отпадоци и бришачи за обувки.

Во спалната е забрането да се готви, подгрева јадење, обедува, суши, чистат облека и обувки и сл., и да се чува работна облека (комбинезони, гумени чизми, готвачка облека и сл.).

Спалната се проветрува, пред  и после секој одмор и кога постојат услови за тоа.

**22**) Командирот на чета или старешина од ист ранг одредува старешина на спална и негов заменик. Во центрите за обука, за старешина на спална се одредува питомец,  односно слушател.

Креветот на старешината на спалната се поставува во аголот, прв до влезот и одвоен од другите кревети.

Должности на старешината на спалната се:

- постојано да се грижи за чистота и уредноста на спалната и да обезбеди спроведување на пропишаниот ред и дисциплина;
- одредува редари во спалната и ја контролира нивната работа;
- се грижи за правилно користење и чување на инвентарот и постелнината;
- од лицата кои заминуваат на лекување, отсуство и сл., ги прима предметите кои останууваат во спалната и се грижи за нивната безбедност;

- пред ноќниот одмор, ја проверува бројната состојба на лицата во спалната, евидентира кој се пријавил за лекарска помош и за тоа го известува дежурниот орган;
- ги спроведува пропишаните мерки за противпожарна заштита во спалната;
- ја заклучува спалната кога во неа нема лица, а клучот го остава на одредено место;
- не дозволува без негово одобрение, разместување на лицата, односно инвентарот во спалната;
- командува „мирно" и предава рапорт, кога во спалната влегува претпоставен односно постар, освен, половина час пред, потоа и за време на секој одмор.

**23**) Бројот на редарите зависи од големината на спалната и од бројот на лицата кои ја користат. Во принцип, се одредува по еден редар на 15 лица.

Должноста на редарите, исклучително кога се на обука, трае од станување, до почеток на ноќниот одмор кога старешината на спалната ги заменува. Пред смената, редарите вршат примопредавање на приборот за одржување на чистота. Редарите ја чистат и проветруваат спалната, примаат огрев и се грижат за нејзино затоплување. Извршуваат и други работи кои се однесуваат на редот и чистотата во спалната.

### 3. Училница

**24**) Училница претставува просторија наменета за изведување на обука и за одржување на предавања и состаноци. Може да се користи и за клуб - просторија, кога не се реализираат наменските активности.

Училница може да се користи и како просторија за обедување, на издвоен објект.

Во касарнскиот круг може да се уреди и летна училница.

Командирот на чета или старешината од ист ранг, одредува старешина на училница, кому му пропишува должности. Во принцип, старешината на училницата се грижи за редот, инвентарот и приборот на училницата, им издава задачи и ги сменува редарите, одговорни за одржување на нејзината чистота.

### 4. Културно - забавен клуб

**25**) Културно - забавен клуб претставува просторија наменета за организирање на општествениот живот на припадниците на АРМ, односно место каде тие ќе го поминуваат слободното време и ќе реализираат одредени културни дејности и содржини.

Одговорно лице за културно - забавниот клуб одредува надлежниот старешина на единицата.

### 5. Спомен - соба

**26**) Спомен - соба претставува просторија во која се изложени предмети, знамиња, фотографии, документи и сл. од историското минато на воената единицата, чија традиција ја продолжува единицата на АРМ. Се одредува во зграда, која е во близина на главниот влез во касарната.

Командантот на касарна одредува одговорно лице за спомен - собата, кој покрај другите задачи, ја врши и должноста - водич, со цел презентирање на изложените предмети и документи. Спомен - собата е отворена за јавност.

По одлука на министерот за одбрана или старешина што тој ќе го овласти Спомен-соба формира единицата која ја продолжува традицијата на воената единица, а

можат и други единици. Формирање на спомен-соба предлага старешината на единицата.

### 6. Ресторан и издвоена просторија за обедување

**27**) Воен ресторан претставува објект наменет за приготвување и поделба на храна. Во издвоената просторија за обедување се врши само поделба на храната (во останатиот текст, одредбите за ресторан, важат и за ова просторија).

Управникот на ресторанот, односно надлежниот орган одреден со посебна наредба, одговорен е за организацијата на работата, редот и хигиената во ресторанот. За одржување на чистотата се одредуваат редари.

За редот и дисциплината за време на обедувањата, одговорни се старешините и дежурните органи на единиците кои обедуваат.

**28**) Во ресторанот можат да работат само лица кои претходно здравствено се прегледани и кои од страна на лекар имаат добиено дозвола за извршување на наменските задачи. Вработените во ресторанот, работат во смени. На ненадлежни и невработени лица, забранет им е влез и престој во ресторанот.

**29**) Во ресторанот, секојдневно и од секое обедување, се издвојува контролен оброк од сите видови јадења, заради анализа на нивната здравствената исправност, што се регулира со посебни прописи.

**30**) Во ресторанот се изложува дневната листа на сите оброци.

## 7. Чајна кујна

**31**) Чајна кујна е просторија која се организира на ниво на чета и повисоки единици и команди, наменета за подготовка на топли напитоци и подгревање на готови јадења.

## 8. Санитарни простории

**32**) Санитарни простории се простории обезбедени со: мијалници, тушеви, нужници, кои заедно сочинуваат санитарен јазол. Во просториите со нужници треба да се обезбеди еден нужнички отвор за 16 лица и еден писоар или жлеб на писоар за 30 лица.

Секоја чета и на неа рамна единица треба да има посебен санитарен јазол.

**33**) За персоналот од женски пол, се одредуваат посебни санитарни простории, со разграничен влез од влезот на санитарниот јазол. Во единици каде има можност, санитарните простории за женски пол се обезбедуваат на посебен кат од оние за машки пол.

Посебни санитарни простории се обезбедуваат во работилници, стражарници, ресторани, простории за посети, спортски објекти и сл.

**34**) За редот и чистотата во санитарните простории, одговорен е старешината на единицата која ги користи. За одржување на хигината, се одредуваат редари, чија должност трае 24 часа. Ги заменува дежурниот на единицата, пред почетокот на ноќниот одмор.

### 9. Интендантски сервис

**35**) Интендантски сервис е објект или просторија, наменета за опслужување со интендантски средства, опрема и услуги на командите, единиците и службите. Начелно е организиран на касарнско или гарнизонско рамниште. Во надлежност е на командата на единицата која е носител на логистичката поддршка и за неговото опремување, внатрешен ред, организацијата на работата и др..

Со сервисот раководи посебно одредено лице, со пропишани работни задачи и должности.

**36**) Интендантскиот сервис во принцип се гради и опремува според типски проекти. Доколку тоа не е можно, командантот на касарна (гарнизон) одредува наменски простории, кои се уредуваат за да ги обезбедат сите дејности кои ги извршува интендантскиот сервис.

**37**) Интендатскиот сервис, во принцип, ги извршува следните задачи:

- ја заменува неисправната и нечиста работна и заштитна интендантска опрема;
- организира и врши основно одржување на облеката, обувките и мебелот;
- ги заменува нечистите алишта и облека за перење, хемиско чистење и работилничко одржување;
- издава потрошен материјал за лична хигиена и за чистење и одржување на просториите;
- издава дополнителен комплет на униформа и друга лична опрема на војниците на доброволно служење на воениот рок;
- го прима и раздолжува дополнителниот комплет на униформа и друга лична опрема на припад-

ниците на АРМ, кои заминуваат во прекоманда, односно кои го отслужиле воениот рок;

- организира и врши берберски и фризерски услуги;
- организира капење, така што еден туш го користат 25, а исклучително и до 40 лица;
- дава услуги при пеглање алишта и друга лична опрема според принципот „послужи се сам";

**38**) Работното време на интендантскиот сервис го одредува старешината на единицата, односно командантот на касарната (гарнизонот) надлежен за неговото функционирање. Во касарните (гарнизоните) во кои се сместени војници на доброволно служење на воениот рок, по потреба, сервисот може да работи и во попладневните часови.

**39**) Резервата на исправната опрема во интендатскиот сервис ја одредува надлежниот командант и, во принцип, не би требало да биде поголема од 30% од бројната состојба на луѓето кои ги опслужува.

## 10. Простории за дежурни, стража и посети

**40**) На дежурниот на касарна му се одредува посебна просторија на главниот влез во касарната која треба да има: телефон, уред за давање звучни сигнали и тревожење, радио и ТВ приемник, маса, две столици, закачалка, метален ормар (шкаф) за документи и уред за загревање и ладење. Во непосредна близина се одредува и просторија за одмор опремена со: два кревети, две столици, маса, закачалка и уред за затоплување.

На дежурниот на касарна му се одредува војник кој се грижи за затоплувањето, редот и чистотата во просториите и просторијата за посети.

**41**) На дежурниот орган на единицата му се одредува посебна просторија, а доколку тоа не е можно, се користи посебна канцеларија.

**42**) Во касарните, како и во командите, се одредува просторија за пријавница. Дежурниот на пријавница му е потчинет на дежурниот на касарна и на надлежната команда.

**43**) За стражарница се одредува посебен објект на главниот влез во касарната, или во нејзина близина. Доколку за тоа нема можност, за стражарница се одредува посебна наменска просторија.

**44**) Просторијата за посети се одредува на главниот влез во касарната. Треба да биде опремена со: маси, столици, закачалка, уред за затоплување и друга неопходна опрема. Просторија за посети може да се уреди и надвор од објектот и да се користи кога надворешните временски услови го дозволуваат тоа. За нејзиниот ред и чистотата одговорен е дежурниот на касарна.

## 11. Технички блок

**45**) Технички блок е комплекс на објекти со инсталации, уреди и опрема, наменет за одржување на техничките средства.

Објекти на техничкиот блок се:

- парк на технички средства;
- сервисна станица;
- техничка работилница;
- акумулаторска станица и други објекти за техничка поддршка.

Организацијата и технологијата на работата во техничкиот блок и во неговите составни елементи се пропишува со посебено упатство, а редот, дисциплината и внатрешната служба ги регулира надлежниот командант.

**46**) Паркот на технички средства опфаќа обележан или заграден простор со згради, објекти, уреди и патишта наменети за сместување и основно одржување на борбените и неборбени моторни возила, орудија, инженериски машини и слични технички средства.

За организација на работата, сместување на техничките средства, општиот ред, внатрешната служба и уредувањето на заедничкиот парк, одговорен е командантот на касарна, а за паркот во кој се сместени технички средства само на една единица, одговорен е нејзиниот надлежен старешина.

Единиците и службите сместени во една касарна, во принцип, заеднички го уредуваат паркот. Единица со помал број возила, орудија и машини, уредува само неопходни елементи на паркот (чистење, миење, сместување и сл.).

Не е дозволено сместување на технички средства надвор од паркот.

Паркот може да биде постојан или привремен. Постојан парк се уредува во кругот на касарната (зградата) и во складиштата, а привремен во логор и сл.

**47**) Сервисна станица е простор со објекти, инсталации, опрема и патишта. Наменета е за извршување работи за основно одржување на техничките средства.

**48**) Техничка работилница е простор со објекти, инсталации, опрема и патишта. Наменета е за техничко одржување и среден ремонт на техничките средства. Може да биде касарнска, гарнизонска или територијална.

На вежбите и логорувањата, се формира станица за техничко одржување или станица за среден ремонт, обезбедена од подвижната опрема на единиците за одржување.

**49**) Акумулаторска станица е објект (просторија) со инсталации и опрема, наменета за преглед, контрола, поправка и полнење на акумулатори.

## 12. Објекти за сместување на кучиња

**50**) За сместување на кучињата се изработуваат т.н. боксови и други придружни објекти, најмалку 200м оддалечни од објектите во кои се работи, односно живее.

**51**) За одржување на редот во објектите за сместување на кучињата се одредува еден редар на 20 кучиња.

Должности на редарот се:

- ги надгледува кучињата и се грижи за одржување на чистотата на објектите (посебно во котилиштето каде се сместени малите кутриња);
- води грижа за правилно држење, хранење и сместување на кучињата во индивидуалните боксови, како и за кучињата кои индивидуално се врзани на место;
- го известува дежурниот на објектот, штом ќе забележи куче со слаб апетит или знаци на болест;
- не дозволува влез и задржување во објектите на невработени лица;
- не дозволува излез на кучињата од објектот без одобрение на дежурниот во објектот или надлежниот старешина.

Редарите го чистат објектот наутро, а по потреба и во друго време. Еднаш неделно сите објекти детално се чис-

тат и се врши дезинфекција на приборот и опремата за чување на кучињата.

## 13. Магацин и склад

**52**) Магацин е просторија во која се чува опрема и средства на единица, кои не се во секојдневна употреба.

Магацинот на чета и на неа рамни единици се наоѓа во зградата во која е сместена или во друга просторија доделена на нејзино користење.

Во касарна, според посебни критериуми и прописи, може да се чува и одредено количество муниција, опрема и други средства за посебна намена.

Магацините на бригада - полк и самостоен баталјон се наоѓаат во посебни објекти.

Наставни средства се сместуваат во посебни простории, на ниво самостоен баталјон и повисоко.

**53**) Склад е дел од касарнскиот круг или издвоена целина, во кој се чуваат материјални и други средства во магацини, на отворен простор под или без стреи и сл.

Складот за муниција, за минско - експлозивни средства и за гориво, претставува опасност за околината. Поради тоа, надлежните старешини мора да пропишат мерки за безбедност и заштита во согласност со потоечките и посебни прописи, кон кои припадниците на АРМ мора да се придржуваат.

## 14. Касарнски круг

**54**) Касарнски круг е ограден и обезбеден простор, со уредени објекти, простории, патна и друга инфраструктура во кој се сместени лица и наменет за изведување на обука и одмор. Непосредно до влезот на касарнскиот круг, од внатрешна или надворешна страна, се уредува паркиралиште за приватните возила на вработените лица. Доколку

касарнскиот круг има повеќе влезови, се одредува намената на секој влез (за луѓе и единици, за моторни возила и сл.).

Во касарнскиот круг се одредуваат и прописно уредуваат посебни места за: отпадоци, сместување на огрев, собирање на одпадоци од храна и сл.

**55**) Одржувањето на редот и чистотата на касарнскиот круг, со посебна наредба го регулира нејзиниот командант.

## 15. Логорска просторија (логор)

**56**) Логор претставува земјишен просторија или реон на кој за време на го-товност, воена состојба, изведување работи, вежби и сл., единиците и службите можат привремено да престојуваат надвор од касарната. Во логор, единиците се сместуваат под шатори, во бараки, колиби и засолништа, а ако е пот-ребно, во згради во државна (училишта, домови, сали и сл.) и во приватна сопственост. Зградите во државна сопстве-ност се користат во согласност на соодветните органи, а зградите во приватна сопственост, во согласност на соп-ствениците.

**57**) Логорот го одредува старешината на единицата, на предлог на потчинетите и со консултација на санитетските органи.

Логорската просторија треба да:

- се наоѓа на исцедливо и пошумено земјиште и оддалечена најмалку 2км од мочуриште;
- има доволно вода за пиење и ако е можно да биде во близина на река;
- е поврзана со комуникации, но низ логорот да не поминува далновод, железничка пруга или пат кој се користи за јавен сообраќај;
- е одвоена од населби и индустриски објекти;

- се наоѓа во крај каде нема зарази кои можат да се пренесат на луѓето;
- е засолнета од силен ветер.

**58**) За Командант на логор се одредува најстариот старе-шина сместен во него, со наредба на претпоставен старе-шина. Неговите должности се исти како и должностите на командант на касарна (гарнизон), приспособени кон логор-ските услови.

Освен тоа, командантот:

- ги одредува границите на логорот, распоредот на единиците (ако е потребно го дели логорот на реони), местата за полигони, вежбалишта и стрелишта и го регулира нивното користење;
- ги регулира движењето и контролата на лицата, единиците и моторните возила, уредувањето на логорот, снабдувањето и обезбедувањето на објектите со вода, одредува места и распоред за капење;
- презема мерки да се заштитат посевите, овоштарниците, шумите, објектите и другиот имот во и околу логорот;

**59**) Одредбите за сместување, ред и дисциплина во логор се исти како и за касарна, приспособени за логорски услови.

### 16. Аеродром

**60**) Аеродром претставува воен објект за постојано или привремено сместување на единиците и службите на вое1ното воздухопловство и противвоздушната одбрана.

**61**) Началникот на Генералштабот на АРМ го одредува командантот на аеродром, кој воедно е командант и на воздухопловната единица.

Должностите на командантот на аеродромот се исти како и должностите на командантот на касарна, приспособени кон потребите на аеродромот. Покрај тоа, тој е одговорен за материјално - техничко, инженериско и навигациско обезбедување на летањето и за уредно функционирање на сите уреди и инсталации на аеродромот и издвоените објекти (навигациски средства, полигони, складови и др.), што се регулира со Правилото за летање и др. прописи.

## 17. Спортска сала

**62**) Спортската сала е објект наменет за организирање и изведување на обука по физичко воспитување. Таа е во надлежност на командата на единицата, одговорна за логистичка поддршка и за нејзиното опремување и одржување.

Со салата раководи посебно одредено лице, со пропишани работни задачи и должности.

**63**) Работното време на спортската сала го одредува старешината на единицата која врши сервисна поддршка на касарната.

# ШЕСТА ГЛАВА

# ЗАТОПЛУВАЊЕ, ЛАДЕЊЕ И ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПРОСТОРИИТЕ

**64**) Командантот на касарна (аеродром, логор) пропишува:

- кога ќе се затоплуваат одделни простории, времето и начинот на издавање на огрев, а ако е потребно и соодветно гориво за осветлување и затоплување;
- кога ќе се ладат одделни простории;
- кога и кои светла можат да светат;
- други потребни упатства.

Дежурните, а повремено и старешините на единиците, го контролираат затоплувањето и ладењето на просториите, инсталациите (ложилница, печки, радијатори, клима - уреди, прекинувачи за електрична енергија) и потребата од осветлување на просториите.

**65**) Печките се ложат со количини, кои ќе овозможат одржување на рационална температура на просториите во кои престојуваат луѓето. Во спалните и просториите за работа, ложењето се прекинува најдоцна еден час пред почетокот на ноќниот одмор, односно завршувањето на работното време, а огнот во печките се остава самиот да се изгаси. Печките се чистат истовремено кога и просториите во кои се наоѓаат. Кога ќе мине периодот на затоплување, оџаците се чистат, а печките се запечатуваат.

**66**) Во текот на летниот период и кога надворешните температури се високи, се врши ладење во просториите за

сместување и работа на припадниците на АРМ, со клима - уреди со соодветна јачина за разладување на просторијата.

**67**) Светлото во спалните се гаси најдоцна 15 минути по почетокот на ноќниот одмор. При будење и станување на ноќните смени определени за служба, светлото не се пали. Во ходникот, на скалите, во кругот на касарната и сл., најпотребните светилки светат цела ноќ, што се обележува со натпис „свети цела ноќ”. Потребно е да се обезбеди и резервно осветлување (агрегат, фенери, батериски ламби или свеќи).

# СЕДМА ГЛАВА

# КОРИСТЕЊЕ,ЧУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

## 1. Општи одредби

**68**) Недвижностите го опфаќаат земјиштето, сите видови објекти (згради) и инсталации. Лицата, на кои им се доделени недвижности на користење, должни се правилно да ги користат, чуваат и да преземаат превентивни мерки придружувајќи се на одредбите од ова Правило и прописите за градежна служба.

На недвижностите не смее ништо да се преправа, доградува или урива без одобрение на надлежен старешина и согласност на стручниот градежен орган. На ѕидовите можат да се поставуваат само соодветни шеми, скици, географски карти, уметнички слики и ѕидни календари. Огласи, известувања, ѕидни весници, фотографии и сл. се истакнуваат на соодветни огласни табли.

Градежни работи за одржување на недвижностите можат да вршат само стручни лица. Со постројките и инсталациите за централно и соларно греење, струја и вода можат да ракуваат само стручни лица со соодветна квалификација и положен стручен испит за соодветни постројки.

## 2. Превентивни мерки

**69**) Превентивни мерки за спречување, и отстранување на помали, оштетувања (дефекти) презема корисникот на недвижностите. Непосредните корисници редовно ги прегледуваат недвижностите за навремено да се забележат

неисправностите и да се преземат превентивни мерки, или да се пријават на надлежниот градежен орган за поправка. Командирите на чети и на нив рамни единици и лица задолжени за одржување на недвижностите, најмалку еднаш месечно ги прегледуваат недвижностите, а другите старешини во рамките на командантските прегледи.

Пред почетокот на зимската сезона корисниците на недвижности преземаат мерки за заштита на просториите и инсталациите за користење во зимски услови.

За отстранување на помали дефекти и оштетувања се формираат стручни екипи. Наредба за формирање на екипа донесува командантот на касарната.

### 3. Редовно одржување на недвижностите

**70**) Редовно одржување на недвижностите организира и спроведува надлежниот градежен орган за логистика, ангажирајќи стручни работници. Командантот на касарна одредува потребен број на војници за помош на градежниот орган.

За редовно одржување се изработува годишен оперативен план и план за координација, при што, треба да се води грижа, на сите корисници на недвижности рамноправно да им се даваат услуги.

### 4. Инвестиционо одржување на недвижностите

**71**) Инвестиционото одржување на недвижностите го организираат и реализираат градежни органи по пат на услуги.

За инвестиционо одржување на недвижностите, надлежниот градежен орган изработува планови, врз основа на остварениот увид и предлозите на командантот на касарна (гарнизон).

# ОСМА ГЛАВА
# ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**72**) Со денот на влегувањето во сила на ова Правило престанува да важи Правилото за сместување и ред во Армијата на Република Македонија бр.03-310/8 од 30.06.2011 година.

**73**) Ова Правило стапува во сила со денот на негово донесување.